**20080861600**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Се прогласува Законот за изменување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 8 јули 2008 година.

Бр. 07-2777/1
8 јули 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Член 1

Во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија” број 13/2006), насловот на Главата IX се менува и гласи: “Прекршочни одредби”.

Член 2

Во членот 39 зборовите: “Со парична казна од 30.000 до 50.000 денари, ќе се казни за прекршок” се заменуваат со зборовите: “Глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на “.

Член 3

Во членот 40 зборовите: “Со парична казна од 30.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок” се заменуваат со зборовите: “Глоба во износ од 500 до 800 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на”.

Член 4

Во членот 41 зборовите: “Со парична казна од 20.000 до 40.000 денари, ќе се казни за прекршок “ се заменуваат со зборовите: “Глоба во износ од 400 до 700 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на”.

Член 5

Во членот 42 зборовите: "Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 400 до 800 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

Член 6

Во членот 43 став (1) зборовите: "Со парична казна од 20.000 до 40.000 денари, ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 400 до 700 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

Во ставот (2) зборовите: "Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 400 до 800 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

Член 7

Во членот 44 став (1) зборовите: "Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари, ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 400 до 800 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

Во ставот (2) зборовите: "Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 400 до 800 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

Член 8

Во членот 45 зборовите: "Со парична казна од 5.000 до 30.000 денари, ќе се казни за прекршок" се заменуваат со зборовите: "Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на".

Член 9

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".